КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# Февруари 2022




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Инвазијата на Украина од страна на Русија ја зголеми неизвесноста на финансиските пазари, што доведе до намалување на вредностите на глобалните акциски индекси.
Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се намали за 2,70%, со што вредноста на индексот од почетокот на годината е помала за 7,53%. Најголем пад во текот на месецот имаа европските акции (мерени преку STOXX 600 индексот), а од почеток на годината најголем пад имаат американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со пад од 8,23%, како и акциите на европските компании со пад од 7,11%.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месецот вредноста на МБИ 10 индексот се намали за 6,54%. Најголем пад во текот на февруари имаа акциите на Макпетрол со пад од 11,41% и Гранит со пад од 9,45%, а овие акции имаа и најголем пад на вредноста од почеток на годината. Акциите на Македонски Телеком и Стопанска Банка Скопје се единствените акции кои имаат раст на вредноста од почеток на годината.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Најавите за зголемување на каматните стапки од централните банки од една страна и зголемените ризици на пазарите поврзани со конфликтот во Украина од друга страна, доведе до голема волатилност на приносите на државните обврзници. На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската со принос од 3,24%, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од 0,14%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Голема волатилност беше присутна и на девизните пазари, при што огромен пад имаше руската рубља (RUB) со пад од 26,08% во однос на еврото. Во текот на месецот најголем раст во однос на еврото имаше долар (AUD) и швајцарски франк (CHF) со раст од 2,91% и 1,22% соодветно. Од почеток на годината, освен руска рубља (RUB) чија вредноста е намалена за 27,35%, сите анализирани валути имаат раст во однос на еврото.




*Извор: Блумберг*